Директорот на Управата за заштита на културното наследство, склучува договор со директорот на Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Охрид, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-4455/1
7 јуни 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

2720.

Врз основа на член 46 став (2) од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/99, 86/99, 8/01, 21/03, 19/04, 33/06, 101/06, 114/07, 103/08, 114/09, 133/09, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 15/15, 129/15, 225/15 и 23/16), министерот за финансии, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ВРАЌАЊЕ НА ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ НА ДАНОЧНИ ОБВРЗНИЦИ КОИ НЕМААТ СЕДИШТЕ ИЛИ ПОДРУЖНИЦА ВО ЗЕМЈАТА И КОИ НЕ ИЗВРШУВААТ НИКАКОВ ПРОМЕТ ВО НЕА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за враќање на данокот на додадена вредност на даночни обврзници кои немаат седиште или подружница во земјата и кои не извршуваат никаков промет во неа.

Член 2

Барањето за враќање на данокот на додадена вредност на даночни обврзници кои немаат седиште или подружница во земјата и кои не извршуваат никаков промет во неа, се поднесува на образец ДДВ-11 на хартија во бела боја во А4 формат.

Формата и содржината на барањето од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува со отпочнувањето на примената на член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/16).

Бр. 20-3075/2
3 мај 2016 година
Скопје

Министер за финансии,
Зоран Ставрески, с.р.

Република Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

ПРИЛОГ

ДДВ-11

БАРАЊЕ
за враќање на данокот на додадена вредност на даночни обврзници кои немаат седиште или подружница во земјата и кои не извршуваат никаков промет во неа

** Пополнува Управа за јавни приходи*

Регионална дирекција Скопје
ул. „11 Октомври" бр. 27
1000 Скопје

Датум и број на прием	

ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ

ЕДБ на нерезидент				
Назив				
Адреса на седиште				
	е-Пошта		Телефон	
Држава				
За период	од		до	
Исплатата да се изврши на сметка				

Реден број	Број на набавена фактура/ЕЦД	Износ на фактура/ЕЦД (во денари)	Износ на набавен ДДВ што се бара за враќање (во денари)	Датум на плаќање на фактура со ДДВ/ЕЦД со ДДВ
		Вкупно:		

Напомена: Доколку во барањето не се доволни редовите за пополнување на податоците од документите/фактурите кои ги приложувате, потребно е да пополните дополнително барање (образец ДДВ-11).

ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО

Потпис на подносителот		Датум на поднесување	

1/1

2721.

Врз основа на член 47 став (3) од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/99, 86/99, 8/01, 21/03, 19/04, 33/06, 101/06, 114/07, 103/08, 114/09, 133/09, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 15/15, 129/15, 225/15 и 23/16), министерот за финансии донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ВРАЌАЊЕ НА ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ НА НЕПРОФИТНИ ОРГАНИЗАЦИИ КАКО И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИСПОЛНЕТОСТА НА УСЛОВИТЕ ЗА ВРАЌАЊЕ НА ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за враќање на данокот на додадена вредност на непрофитни организации како и потребната документација за исполнетоста на условите за враќање на данокот додадена вредност.

Член 2

Барањето за враќање на данокот на додадена вредност на непрофитни организации се поднесува на образец ДДВ-12 на хартија во бела боја во А4 формат.

Формата и содржината на барањето од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Потребната документација за исполнетоста на условите од член 47 од Законот за данокот на додадена вредност е следната:

1. фактура за извршена набавка на добра во која посебно е искажан данокот на додадена вредност;
2. документ за извршено плаќање на купопродажната цена, вклучувајќи го и данокот на додадена вредност;
3. царински документ за извршен увоз на добра (ЕЦД) во кој посебно е искажан платениот данок за увозот и
4. доказ за извршен извоз на добрата преку соодветен царински документ.

Член 4

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува со отпочнувањето на примената на член 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" бр.23/16).

Бр. 20-3075/3
3 мај 2016 година
Скопје

Министер за финансии,
Зоран Ставрески, с.р.

ПРИЛОГ

Република Македонија
Министерство за финанси
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

БАРАЊЕ
за враќање на данокот на додадена вредност на непрофитни организации

ДДВ-12

** Пополнува Управа за јавни приходи*

Регионална дирекција Скопје
ул. „11 Октомври" бр. 27
1000 Скопје

Датум и број на прием

ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ

ЕДБ

Назив

Адреса на седиште

е-Пошта Телефон

За период од до

Исплатата да се изврши на сметка

Реден број	Број на набавна фактура/ЕЦД за увоз	Датум на фактура и ЕЦД за увоз	Износ на фактура/ЕЦД (во денари)	Износ на набавен ДДВ што се бара за враќање (во денари)	Датум на плаќање на фактура/ЕЦД	Број на ЕЦД (извоз)	Датум на извоз	Примател на доброто во странство
			Вкупно:					

Напомена: Доколку во барањето не се доволни редовите за пополнување на податоците од документите/фактурите кои ги приложувате, потребно е да пополните дополнително барање (образец ДДВ-12).

ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО

Потпис на подносителот

Датум на поднесување

1/1

2722.

Врз основа на член 48 став (5) од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/99, 86/99, 8/01, 21/03, 19/04, 33/06, 101/06, 114/07, 103/08, 114/09, 133/09, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 15/15, 129/15, 225/15 и 23/16), министерот за финансии донесе

П Р А В И Л Н И К

ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ВРАЌАЊЕ НА ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ НА СТРАНСКО ДИПЛОМАТСКО ИЛИ КОНЗУЛАРНО ПРЕТСТАВНИШТВО И ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ВРАЌАЊЕ НА ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ НА ШЕФОТ, ЧЛЕНОВИТЕ НА ДИПЛОМАТСКИОТ ПЕРСОНАЛ И КОНЗУЛАРНИТЕ ФУНКЦИОНЕРИ НА СТРАНСКОТО ДИПЛОМАТСКОТО ИЛИ КОНЗУЛАРНОТО ПРЕТСТАВНИШТВО КАКО И НА НИВНИТЕ БРАЧНИ ДРУГАРИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за враќање на данокот на додадена вредност на странско дипломатско или конзуларно претставништво за набавки на добра или користење на услуги за службени потреби и за формата и содржината на барањето за враќање на данокот на додадена вредност на шефот, членовите на дипломатскиот персонал и конзуларните функционери на странското дипломатско или конзуларно претставништво како и на нивните брачни другари доколку овие лица стекнале добра или користеле услуги за лични потреби или за потреби на членовите на семејствата кои ги сочинуваат нивните домаќинства.

Член 2

Барањето за враќање на данокот на додадена вредност на странско дипломатско или конзуларно претставништво, се поднесува на образец ДДВ-13 на хартија во бела боја во А4 формат.

Формата и содржината на барањето од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог 1, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Барањето за враќање на данокот на додадена вредност на шефот, членовите на дипломатскиот персонал и конзуларните функционери на странското дипломатско или конзуларно претставништво како и на нивните брачни другари, се поднесува на образец ДДВ-13/а на хартија во бела боја во А4 формат.

Формата и содржината на барањето од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог 2, кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува со отпочнувањето на примената на член 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" бр.23/16).

Бр. 20-3075/4
3 мај 2016 година
Скопје

Министер за финансии,
Зоран Ставрески, с.р.

ПРИЛОГ 1

Република Македонија
Министерство за финанси
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

БАРАЊЕ
за враќање на данокот на додадена вредност на странско дипломатско или конзуларно претставништво

ДДВ-13

* Пополнува Управа за јавни приходи

Регионална дирекција Скопје
ул. „11 Октомври" бр. 27
1000 Скопје

Датум и број на прием	

ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ

Име и презиме на овластено лице од претставништвото	
Функција на овластено лице од претставништвото	
ЕДБ на дипломатско / конзуларно претставништво	
Дипломатско / конзуларно преставништво во кое лицето е ангажирано	
Исплатата да се изврши на сметка	
За период	од ____ до ____
Потпис на овластено лице	Датум

Архивски број		Архивски број	
Датум		Датум	

М.П.
Управа за јавни приходи

М.П.
Министерство за надворешни работи

1/2

ЛИСТА НА ФАКТУРИ
за кои се бара враќање на данокот на додадена вредност

ДДВ-13

Реден број	Назив / Име и презиме на испорачателот на добрата или вршителот на услугата	Број на фактура	Износ на фактура (во денари)	Износ на ДДВ што се бара за враќање (во денари)	Датум на плаќање на фактура со ДДВ

Република Македонија
Министерство за финанси
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

БАРАЊЕ
за враќање на данокот на додадена вредност на шефот, членовите на дипломатскиот персонал и конзуларните функционери на странското дипломатското или конзуларното претставништво како и на нивните брачни другари

ПРИЛОГ 2
ДДВ-13/а

** Пополнува Управа за јавни приходи*

Регионална дирекција Скопје
ул. „11 Октомври" бр. 27
1000 Скопје

Датум и број на прием

ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ

Име и презиме на лицето кое има право на враќање на платениот ДДВ	
Функција на лицето	
ЕДБ претставништво на меѓународна организација	
Дипломатско / конзуларно претставништво во кое лицето е ангажирано	
Број на дипломатска, конзуларна или службена карта	
Датум кога лицето стапило на должност во претставништвото	
Исплатата да се изврши на сметка	
За период	од ____ до ____
Потпис на овластено лице	Датум

ДИПЛОМАТСКО КОНЗУЛАРНО ПРЕТСТАВНИШТВО

** Претставништвото во кое корисникот на оваа бенифиција прилага потврдува дека лицето корисник е сеуште во негова функција и статус, кои му даваат право на враќање на платениот ДДВ на набавените добра или користените услуги наменети за негови лични потреби.*

Назив			
Функција на овластено лице		Име и презиме на овластено лице	
Датум		Потпис	

Архивски број		Архивски број	
Датум		Датум	

М.П.
Управа за јавни приходи

М.П.
Министерство за надворешни работи

1/2

ДДВ-13/а

ЛИСТА НА ФАКТУРИ
за кои се бара враќање на данокот на додадена вредност

Реден број	Назив / Име и презимена испорачателот на добрата или вршителот на услугата	Број на фактура	Износ на фактура (во денари)	Износ на ДДВ што се бара за враќање (во денари)	Датум на плаќање на фактура со ДДВ

2723.

Врз основа на член 49 став (3) од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/99, 86/99, 8/01, 21/03, 19/04, 33/06, 101/06, 114/07, 103/08, 114/09, 133/09, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 15/15, 129/15, 225/15 и 23/16), министерот за финансии, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ВРАЌАЊЕ НА ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ НА МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ И ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ВРАЌАЊЕ НА ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ НА ЧЛЕНОВИ НА МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за враќање на данокот на додадена вредност на меѓународни организации и за формата и содржината на барањето за враќање на данокот на додадена вредност на членови на меѓународни организации.

Член 2

Барањето за враќање на данокот на додадена вредност на меѓународни организации се поднесува на образец ДДВ-14 на хартија во бела боја во А4 формат.

Формата и содржината на барањето од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог 1, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Барањето за враќање на данокот на додадена вредност на членови на меѓународни организации се поднесува на образец ДДВ-14/а на хартија во бела боја во А4 формат.

Формата и содржината од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог 2, кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува со отпочнувањето на примената на член 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" бр.23/16).

Бр. 20-3075/5
3 мај 2016 година
Скопје

Министер за финансии,
Зоран Ставрески, с.р.

ПРИЛОГ 1

Република Македонија
Министерство за финанси
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

БАРАЊЕ
за враќање на данокот на додадена вредност на меѓународни организации

ДДВ-14

** Пополнува Управа за јавни приходи*

Регионална дирекција Скопје
ул. „11 Октомври" бр. 27
1000 Скопје

Датум и број на прием

ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ

Име и презиме на овластено лице од претставништвото	
Функција на овластено лице од претставништвото	
ЕДБ претставништво на меѓународна организација	
Претставништвото на меѓународна организација во кое лицето е ангажирано	
Исплатата да се изврши на сметка	
За период	од ____ до ____
Потпис на овластено лице	Датум

Архивски број		Архивски број	
Датум		Датум	

М.П.
Управа за јавни приходи

М.П.
Министерство за надворешни работи

ЛИСТА НА ФАКТУРИ
за кои се бара враќање на данокот на додадена вредност

ДДВ-14

Реден број	Назив / Име и презимена испорачателот на добрата или вршителот на услугата	Број на фактура	Износ на фактура (во денари)	Износ на ДДВ што се бара за враќање (во денари)	Датум на плаќање на фактура со ДДВ

ПРИЛОГ 2

Република Македонија
Министерство за финанси
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

БАРАЊЕ
за враќање на данокот на додадена вредност на членови на меѓународни организации

ДДВ-14/а

** Пополнува Управа за јавни приходи*

Регионална дирекција Скопје
ул. „11 Октомври" бр. 27
1000 Скопје

Датум и број на прием

ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ

Име и презиме на лицето кое има право на враќање на платениот ДДВ

Функција на лицето

ЕДБ претставништво на меѓународна организација

Претставништвото на меѓународна организација во кое лицето е ангажирано

Број на дипломатска или службена карта

Датум кога лицето стапило на должност во претставништвото

Исплатата да се изврши на сметка

За период од до

Потпис на овластено лице Датум

ПРЕСТАВНИШТВО НА МЕЃУНАРОДНА ОРГАНИЗАЦИЈА

** Претставништвото во кое корисникот на оваа бенифициија припаѓа потврдува дека лицето корисник е сеуште во негова функција и статус, кои му даваат право на враќање на платениот ДДВ на набавените добра или користените услуги наменети за негови лични потреби.*

Назив

Функција на овластено лице

Име и презиме на овластено лице

Датум

Потпис

Архивски број

Датум

М.П.
Управа за јавни приходи

Архивски број

Датум

М.П.
Министерство за надворешни работи

1/2

ЛИСТА НА ФАКТУРИ
за кои се бара враќање на данокот на додадена вредност

ДДВ-14/а

Реден број	Назив / Име и презиме на испорачателот на добрата или вршителот на услугата	Број на фактура	Износ на фактура (во денари)	Износ на ДДВ што се бара за враќање (во денари)	Датум на плаќање на фактура со ДДВ

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

2724.

Врз основа на член 30 став (8) од Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 11/2012 и 147/2015), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, на седницата одржана на 25.5.2016 година, донесе

П Р А В И Л Н И К

ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПРЕЗЕНТИРАЊЕ ПОНУДИ ЗА ПРОЕКТИРАНИ ИДНИ ПЕНЗИИ

Член 1

Во Правилникот за презентирање понуди за проектирани идни пензии („Службен весник на Република Македонија" бр.34/2014) Образецот број 1 се менува и гласи:

„Образец број 1

ПОНУДИ за проектирани идни пензии

Идентификациски број на котација	
Име и презиме на член	
Матичен број	
Датум на раѓање	
Пол на членот	
Име и презиме на агент	
Код на агент	
Пензиско друштво	
Пензиски фонд каде членот има индивидуална сметка	
Вкупен износ на средства на индивидуална сметка	
Датум на важност на понудата	

ДОЖИВОТНИ ПРОГРАМИРАНИ ПОВЛЕКУВАЊА (ДПП)		
	Назив на пензиско друштво	Месечен бруто износ на почетна пензија (ДПП)*
Понуда 1		
……. Понуда n		

ПРОЕКЦИИ							
	користени претпоставки			по 10 години		по 20 години	
	инфлација	принос	надоместоци	Износ на средства на индивидуална сметка (ИС)	Месечен бруто износ на ДПП*	Износ на средства на ИС	Месечен бруто износ на ДПП*
Понуда 1							
…….							
Понуда n							

Доживотно програмирано повлекување (ДПП) Вид на исплата на пензија која месечно ја исплатува пензиското друштво, до крајот на животот на корисникот на пензија или додека има средства на сметката на корисникот на пензија при што континуирано се повлекува дел од средствата на сметката додека останатиот дел се инвестира. Колку што корисникот на пензија подолго живее, постепено ги повлекува средствата и средствата на неговата индивидуална сметка се намалуваат. Доколку збирот на пензијата преку програмирани повлекувања и пензијата од првиот столб е помал од најнискиот износ на пензија, пензиското друштво ја зголемува исплата преку програмирани повлекувања со доплата до висината на најнискиот износ на пензија. Исплата на програмираното повлекување со доплата до висината на најнискиот износ на пензија пензиското друштво ја врши се додека има средства на индивидуална сметка на корисникот на пензија од втор столб. Доколку средствата од индивидуална сметка на корисникот на пензија се исцрпат пензиското друштво ја затвора сметката на корисникот на пензија. Во случај на исцрпување на средствата од индивидуалната сметка корисникот на пензија ќе биде заштитен со минимална пензија која ја исплаќа Фондот на ПИОМ.

Предноста на доживотното програмирано повлекување е тоа што е ефтин производ и во случај на смрт на корисникот на пензија преостанатите средства се наследуваат. Исто така корисникот на пензија може во секој момент да го замени програмираното повлекување со користење на преостанатите средства за купување на доживотно програмирано повлекување во друго друштво, доживотен непосреден ануитет или привремени програмирани повлекувања во комбинација со одложен доживотен ануитет. Недостаток на доживотното програмирано повлекување е тоа што не содржи елемент на осигурување т.е. не постои гаранција за износите на исплата или за периодот на траење на исплатите.

Проекции: Проекциите по 10 и 20 години се изразени во сегашна куповна моќ на денарот во времето на котацијата на пензијата. Усогласување со сегашна куповна моќ се прави врз основа на користената стапка на инфлација. Проекциите се предвидувања направени под одредени претпоставки и не се гарантирани. Во случај претпоставките да не се остварат, идниот месечен износ на пензија може да биде различен од проектираниот износ.

***Персонален данок на доход:** Месечниот износ на почетна пензија и проектираните вредности за идниот месечен износ на пензија се дадени во бруто износ бидејќи пензиите од втор столб кои се исплатуваат преку програмирани повлекувања подлежат на оданочување со персонален данок на доход согласно со Законот за персонален данок на доход. Пензиското друштво кое го исплатува програмираното повлекување има обрска да изврши пресметка и уплата на персоналниот данок на доход во име и за сметка на корисникот на пензија.

Датум кога е извршена презентацијата: _____

Име, презиме и потпис на агентот: _____

Потврдувам дека ми е презентирана понудата

Примил: (Име, презиме и потпис на членот)_____

ДОЖИВОТЕН НЕПОСРЕДЕН АНУИТЕТ (ДНА)					
	Назив на друштво за осигурување		Вид на ануитет[1]	Месечен бруто износ на почетна пензија□ (ДНА)	
Понуда 1					
…….					
Понуда n					
ПРОЕКЦИИ					
	користени претпоставки			по 10 години	по 20 години
	инфлација	принос	трошоци	Месечен бруто износ на ДНА*	Месечен бруто износ на ДНА*
[1] Понуда 1					
…….					
Понуда n					

Доживотен непосреден ануитет е вид на исплата на пензија која започнува веднаш по уплата на премијата и се состои од месечни редовни исплати кои ги исплатува друштво за осигурување се додека корисникот на пензија е жив. Полисата за ануитет е нераскинлив договор. Доколку збирот на пензијата преку ануитет и пензијата од првиот столб е помал од најнискиот износ на пензија, Фондот на ПИОМ врши доплата до висината на најнискиот износ на пензија.

[1] За фиксен ануитет со учество во добивка друштвото за осигурување во табелата наведува три понуди со претпоставки за следните сценарија: „базично“, „оптимистичко“ и „песимистичко“

[1] **Вид на ануитет**:

- **со гарантиран период на исплата** -се исплатува најмалку додека трае дефинираниот гарантиран период на исплата без оглед дали корисникот е жив или не
- **без гарантиран период на исплата** -се исплатуваат само додека е жив корисникот
- **фиксен усогласен со трошоци на живот**
- **фиксен со учество во добивката** -износот на ануитетот се состои од два дела: гарантиран минимален фиксен износ плус вишок над фиксниот износ кој зависи од процентот на учество во добивката и висината на остварената добивка на друштвото за осигурување.

Предноста на доживотниот непосреден ануитет е тоа што е осигурителен производ и содржи елементи на осигурување т.е постои гаранција за висината на исплата и периодот на траење на исплатите. Недостаток на доживотниот непосреден ануитет е тоа што доколку исплатата на корисникот на пензија рано почине, неговите средства не се наследуваат и е поскап производ заради превземениот ризик од страна на друштвото за осигурување.

Проекции Проекциите по 10 и 20 години се изразени во сегашна куповна моќ на денарот во времето на котацијата на пензијата. Усогласување со сегашна куповна моќ се прави врз основа на користената стапка на инфлација. Проекциите се предвидувања направени под одредени претпоставки и не се гарантирани. Во случај претпоставките да не се остварат, идниот месечен износ на пензија може да биде различен од проектираниот износ.

*** Персонален данок на доход:** Месечниот износ на ануитетот подлежи на оданочување со персонален данок на доход согласно со Законот за персонален данок на доход. Друштвото за осигурување кое го исплатува ануитетот има обрска да изврши пресметка и уплата на персоналниот данок на доход во име и за сметка на корисникот на пензија.

Датум кога е извршена презентацијата: _____

Потврдувам дека ми е презентирана понудата

Име, презиме и потпис на агентот: _____

Примил: (Име, презиме и потпис на членот)_____

ПРИВРЕМЕНИ ПРОГРАМИРАНИ ПОВЛЕКУВАЊА (ППП) ВО КОМБИНАЦИЈА СО ОДЛОЖЕН ДОЖИВОТЕН АНУИТЕТ (ОДА)						
	Назив на пензиско друштво / друштво за осигурување	Опис на комбинација	Сооднос помеѓу ППП и ОДА	Период на исплата на ППП	Почетен бруто износ на месечна пензија*	
					Привремени програмирани повлекувања	Одложен доживотен ануитет
Понуда 1						
…….						
Понуда n						

ПРОЕКЦИИ												
	Користени претпоставки за ППП			Користени претпоставки за ОДА			по 10 години			по 20 години		
	инфлација	принос	надоместоци	инфлација	принос	трошоци	Износ на средства на ИС	Месечен бруто износ на ППП*	Месечен бруто износ на ОДА*	Износ на средства на ИС	Месечен бруто износ на ППП*	Месечен бруто износ на ОДА*
[2]Понуда 1												
…….												
Понуда n												

[2] За фиксен ануитет со учество во добивка друштвото за осигурување во табелата наведува три понуди со претпоставки за следните сценарија: „базично“, „оптимистичко“ и „песимистичко“

Привремени програмирани повлекувања во комбинација со одложен доживотен ануитет е вид на исплата на пензија кој започнува со исплата на програмирани повлекувања во тек на однапред определен број години и продолжува со одложен доживотен ануитет.Периодот на одложување на исплата на средствата за ануитет е еднаков на периодот на исплата на ППП и се изразува како цел број на години или број делив со 12 месеци. Корисникот на пензија истовремено прави избор на привремени програмирани повлекувања кои ги исплаќа пензиското друштво за одреден број години и на одложен доживотен ануитет кој ќе почне да го исплатува друштво за осигурување по истекот на тие договорени години, се до крајот на животот на корисникот на пензија.

Проекции- Проекциите по 10 и 20 години се изразени во сегашна куповна моќ на денарот во времето на котацијата на пензијата. Усогласување до сегашна куповна моќ се прави врз основа на користената стапка на инфлација. Проекциите се предвидувања направени под одредени претпоставки и не се гарантирани. Во случај претпоставките да не се остварат идниот месечен износ на пензија може да биде различен од проектираниот износ. Доколку износот на средствата од индивидуалната сметка кои се пренесуваат од пензиското друштво во друштвото за осигурување избрано од членот се разликува од износот на пензискиот ануитет од понудите од оваа табела, друштвото за осигурување кое членот го избрал пропорционално го усогласува износот на ануитетот кој ќе се исплатува од наведената понуда. Доколку износот кој се пренесува е поголем од износот наведен во оваа понуда, ануитетот пропорционално се зголемува, а доколку пренесениот износ е помал од износот наведен во понудата, ануитетот пропорционално се намалува.

*** Персонален данок на доход:** Месечниот износ на почетна пензија и проектираните вредности за идниот месечен износ на пензија се дадени во бруто износ бидејќи пензиите од втор столб кои се исплатуваат преку програмирани повлекувања подлежат на оданочување со персонален данок на доход согласно со Законот за персонален данок на доход. Пензиското друштво кое го исплатува програмираното повлекување има обрска да изврши пресметка и уплата на персоналниот данок на доход во име и за сметка на корисникот на пензија.

Месечниот износ на ануитетот подлежи на оданочување со персонален данок на доход согласно со Законот за персонален данок на доход. Друштвото за осигурување кое го исплатува ануитетот има обрска да изврши пресметка и уплата на персоналниот данок на доход во име и за сметка на корисникот на пензија.

Датум кога е извршена презентацијата: _____

Потврдувам дека ми е презентирана понудата

Име, презиме и потпис на агентот: _____

Примил: (Име, презиме и потпис на членот)_____

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 01-726/4
7 јуни 2016 година
Скопје

Претседател на
Советот на експерти,
д-р **Булент Дервиши,** с.р.

2725.

Врз основа на член 58 став (8) и (10), член 59 став (3), (6) и (10) и член 61 став (5) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/2010, 36/2011, 98/2012, 13/2013, 164/2013, 44/2014, 192/2015 и 30/2016), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансираното пензиско осигурување, на седницата одржана на 25.05.2016 година, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ЧЛЕНСТВО ВО ЗАДОЛЖИТЕЛЕН ПЕНЗИСКИ ФОНД

Член 1

Во Правилникот за членство во задолжителен пензиски фонд („Службен весник на Република Македонија" бр. бр.55/2013 и 89/2014) во член 3 став (2) по зборовите: „месеци за кои фондот работи, сведен на годишно ниво" се додаваат зборовите:

„Доколку фондот *i* работи помалку од 36 месеци, а повеќе од 12 месеци, тогаш како вредност R_i за се зема поголемата вредност помеѓу: приносот во номинален износ на задолжителниот пензиски фонд *i* и просекот од приносите во номинален износ на сите постојни задолжителни пензиски фондови вклучувајќи го и приносот во номинален износ на задолжителниот пензиски фонд *i*."

Член 2

Во член 10 ставот (3) по зборовите: „или со распределба во задолжителен пензиски фонд" зборовите:„од страна на Агенцијата" се бришат.

Член 3

Во член 11 ставот (1) зборовите: „три месеци" се заменуваат со зборовите: „една година"

Ставот (3) се менува и гласи:

„(3) Друштвото до Агенцијата доставува копија од договорот за членство на третиот работен ден по истекувањето на рокот од осум работни дена за раскинување на договорот, по што Агенцијата преку Фондот на ПИОМ врши проверка на рокот за склучување на договор за членство. По извршената проверка, Агенцијата го известува друштвото дали податоците од договорот за членство може да се достават преку информациски-от систем на Агенцијата во Регистарот на членови."

Член 4

Во член 16 ставот (3) се менува и гласи:

„(3) Доколку Агенцијата прими податоци од друштвото за осигуреник кој потпишал договор за членство во задолжителен пензиски фонд, а во евиденцијата на Фондот на ПИОМ нема податоци за тој осигуреник, Агенцијата преку информациски-от систем го известува Фондот на ПИОМ и ја одложува регистрацијата на членот. Агенцијата преку информациски-от систем го известува друштвото дека регистрацијата на членот има статус на чекање. "

Во ставот (5) по зборот „ПИОМ" се додаваат зборовите:„ преку информациски-от систем".

Член 5

Во членот 18 по зборот: „друштвото" се додаваат зборовите: „преку информациски-от систем".

Член 6

Во членот 21 зборовите:„да ги коригира податоците и да ги достави до Агенцијата со" се заменуваат со зборовите: „да достави до Агенцијата".

Член 7

Во член 23 став (1) точката б) по зборот:„правилник" запирката изборовите: „заверена на нотар" се бришат.

Член 8

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", освен одредбата од член 7 на овој правилник која влегува во сила на 30.07.2016 година.

Бр. 01 -726/5
7 јуни 2016 година
Скопје

Претседател
на Советот на експерти,
д-р **Булент Дервиши,** с.р.

2726.

Врз основа на член 91 став (4), член 94 став (4) и став (5) и член 96 став (4) од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 138/2008, 74/2010, 134/2010, 26/2011 и 155/2013 и 134/2014) Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, на седницата одржана на 25.5.2016 година, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ЧЛЕНСТВО ВО ДОБРОВОЛЕН ПЕНЗИСКИ ФОНД

Член 1

Во Правилникот за начинот на членство во доброволен пензиски фонд („Службен весник на Република Македонија"бр. 138/2008, 74/2010, 134/2010, 26/2011 и 155/2013 и 134/2014) во член 13 став (1) по зборот: „правилник" зборовите: „заверен на нотар" се бришат.

Во став (3) по зборовите: „согласност за премин" зборовите: „заверен на нотар" се бришат.

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 01 -726/6
7 јуни 2016 година
Скопје

Претседател
на Советот на експерти,
д-р **Булент Дервиши,** с.р.

2727.

Врз основа на член 77 став (11) и (12), 77-з став (3) и 77-ј став (2) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/2010, 36/2011, 98/2012, 13/2013, 164/2013, 44/2014, 192/2015 и 30/2016) Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување на седницата, одржана на 25.5.2016 година, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА АГЕНТИ НА ПЕНЗИСКИ ДРУШТВА

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот и постапката за полагање испит за агенти на пензиски друштва, за запишување на лицата во Регистарот на агенти, начинот на бодирање на првиот и вториот дел од испитот, како и формата и содржината на уверението за положен испит за агенти и на уверението за стекнување својство агент.

Член 2

(1) Агент може да биде лице вработено во друштво за управување со задолжителни пензиски фондови, во друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови или во друштво за управување со доброволни пензиски фондови (во натамошниот текст: пензиско друштво) и друго лице кое е договорно ангажирано од страна на пензиско друштво.

(2) Агентот од став (1) на овој член врши рекламирање и информирање за пензиските друштва и за пензиските фондови и склучува договори за членство во пензиски фонд и за исплата на пензии или пензиски надоместоци од пензиски фонд.

Член 3

(1) Пензиското друштво поднесува барање, до Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (во натамошниот текст: Агенцијата) за лицата кои има намера да ги вработи или договорно да ги ангажира како агенти, за полагање на испит за агенти (во натамошниот текст: испит) заедно со докази за исполнување на условите за полагање на испитот.

(2) Пензиското друштво плаќа надомест за испит, определен со одлука на Агенцијата, врз основа на реално направените трошоци за полагање на испитот, неопходни за спроведување на првиот и вториот дел на испитот, подготовката на базите на прашања, спроведувањето на електронскиот тест, изготвување на материјали и покани за испитот и изготвување на уверенија.

Член 4

(1) Испитот се организира најмалку два пати годишно во месеците мај и ноември. Врз основа на сопствена проценка, Агенцијата може да организира испит почесто од два пати годишно.

(2) Пензиското друштво го поднесува барањето, од член 3 став (1) на овој правилник, до Агенцијата најдоцна 45 дена пред организирање на испитот.

(3) Испитот се одржува во текот на месеците од став (1) на овој член, според распоредот утврден од Агенцијата кој таа го доставува до пензиските друштва.

(4) Просторот и условите за одржување на испитите ги обезбедува правно лице со кое Агенцијата склучила договор.

(5) Едно лице може да полага испит за агент најмногу три пати, без оглед кое пензиско друштво го пријавило за полагање на испитот.

Член 5

(1) Испитот започнува со полагање на првиот (теоретскиот) дел од испитот.

(2) Вториот дел (практичен пример) се полага во рок од најмалку пет дена по успешното полагање на првиот дел од испитот.

(3) Пред почетокот на првиот односно вториот дел од испитот се утврдува идентитетот на кандидатите што треба да полагаат и на секој кандидат му се доделува единствен пристапен код, односно лозинка, со која му се обезбедува пристап во електронскиот систем до електронскиот тест за првиот дел од испитот, односно до електронскиот практичен пример за вториот дел од испитот.

(4) Првиот дел од испитот се полага писмено со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.

(5) Вториот дел од испитот се полага писмено со проучување на практичен пример и одговарање на определен број прашања кои произлегуваат од практичниот пример.

(6) Резултатите од полагањето на првиот и вториот дел од испитот му се достапни на кандидатот на компјутерот на кој го полагал испитот, веднаш по неговото завршување.

(7) Кандидатот кој не го положил првиот дел од испитот не може да го полага вториот дел од испитот.

(8) Доколку кандидатот не го положил и вториот дел од испитот, ќе се смета дека испитот не го положил.

Член 6

(1) Испитот се полага според програма за полагање на испитот, изготвена од Агенцијата.

(2) Програмата од ставот (1) на овој член особено содржи прашања од областа на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, Законот за пензиското и инвалидското осигурување и Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување. Во програмата се наведуваат и прописите и литературата од каде се произлезени прашањата.

Член 7

(1) Првиот дел од испитот содржи 50 прашања и се полага електронски во траење од 120 минути. Точниот одговор на прашањата се бодува со 2 бода. За одговори кои се слични со точниот одговор се доделува 1 бод, за неточен одговор во мал обем се одзема 1 бод од вкупниот број бодови на тестот, а за неточниот одговор во голем обем се одземаат 2 бода од вкупниот број бодови на тестот. За неодговорено прашање се доделуваат 0 бодови. Кандидатот го положил првиот дел од испитот ако освоил најмалку 70% од вкупниот број предвидени позитивни бодови.

(2) Ако кандидатот го положи првиот дел од испитот му се овозможува пристап до вториот дел од испитот со пет практични примери, во траење од 120 минути. Секој практичен пример содржи 4 прашања со 5 можни опции на одговор. Точниот одговор се бодува со 5 бодови. За одговори кои се слични со точниот одговор се доделуваат 2 бода, а за различните одговори се одземаат 2 бода од вкупниот број бодови. За неодговорено прашање се доделуваат 0 бодови. Кандидатот го положил вториот дел од испитот ако освоил најмалку 70% од вкупниот број предвидени позитивни бодови.

(3) За време на полагање на испитот присутни се тројца претставници од Агенцијата од кои еден е информатичар. Овластено лице од Агенцијата, по спроведениот испит, составува записник во кој се внесуваат: датумот и местото на полагање, податоци за кандидатот и освоените бодови од двата дела на испитот.

(4) Записникот од ставот (3) на овој член го потпишуваат присутните претставници на Агенцијата.

Член 8

(1) Агенцијата ги известува пензиските друштва за резултатите од испитот во рок од 15 дена од денот на полагање на испитот.

(2) Лицата кои го положиле првиот и вториот дел од испитот добиваат уверение од Агенцијата за положен испит за агент.

(3) Уверението за положен испит за агент содржи податоци за полното име и презиме на лицето, датум на одржување на испитот и назив, седиште и адреса на пензиското друштвото кое поднело барање согласно член 3 став (1) на овој правилник и други податоци дадени на Образец бр. 1 кој е составен дел на овој правилник.

Член 9

(1) Пензиското друштво, до Агенцијата, доставува барање за запишување во Регистарот на агенти, за лицата кои го положиле испитот.

(2) Агенцијата ги запишува во Регистарот на агенти лицата кои ги исполнуваат условите од член 77 став (6) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување. Секое лице запишано во Регистарот на агенти добива уверение за стекнување на својство агент кое содржи полното име и презиме на лицето, регистарски код и други податоци дадени на Образец бр. 2 кој е составен дел на овој правилник.

(3) Пензиското друштво, на секој агент кој е запишан во Регистарот на агенти, му издава легитимација со логото и името на пензиското друштво и со фотографија, име, презиме и регистарскиот код на агентот. Секој агент ја користи легитимацијата секогаш кога врши рекламирање и информирање за пензиските друштва и за пензиските фондови и кога склучува договори за зачленување и премин во пензиски фонд и за исплата на пензии или пензиски надоместоци од пензиски фонд.

(4) Агенцијата, по запишувањето на лицето во Регистарот на агенти, го известува соодветното пензиско друштво за регистарскиот код на секој агент. Регистарскиот код се наведува во сите договори за членство во задолжителен и/или доброволен пензиски фонд, за кои тој агент е одговорен.

(5) Пензиското друштво веднаш ги доставува до Агенцијата промените на податоците за агентите (име, презиме и други податоци).

Член 10

(1) Регистрацијата на агент кој е запишан во Регистарот на агенти, на секои 12 месеци, треба да се обновува односно агентот повторно да биде запишан во Регистарот на агенти.

(2) Заради повторно запишување на агент во Регистарот на агенти пензиското друштво треба да достави до Агенцијата барање за повторно запишување најдоцна 15 дена пред датумот од кој почнува да важи повторното запишување.

(3) Датумот наведен во барањето за повторно запишување не може да биде пред датумот на истекот на важноста на регистрацијата на агентот.

(4) Пензиското друштво плаќа надомест, за повторно запишување на секое лице во Регистарот на агенти, определен во Одлуката за утврдување на висината на надоместоците што ги наплаќа Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од пензиските друштва, во рок од осум дена од доставување на фактурата од страна на Агенцијата.

Член 11

Лицето кое било запишано во Регистарот на агенти, а повеќе од две години не вршело работи како агент односно лицето кое не е повторно запишано во Регистарот на агенти или немало пререгистрација за друго пензиско друштво, треба повторно да го полага испитот за агенти.

Член 12

(1) Агенцијата доставува до пензиските друштва известување со образложение кои лица не се запишани во Регистарот на агенти.

(2) Пензиските друштва ја известуваат Агенцијата и ѝ ги доставуваат податоците за лицата на кои им престанало својството на агент (име, презиме и други основни лични податоци) како и регистарскиот код, во рок од три дена од престанокот на својството на агент.

(3) Лицето на кое му престанало својството на агент веднаш ја враќа легитимацијата на пензиското друштво, кое до Агенцијата треба да достави доказ за физичко поништување на легитимацијата. Доколку лицето не ја врати легитимацијата, во рок од десет дена од престанокот на својството на агент, пензиското друштво ја објавува легитимацијата за неважечка во еден од најтиражните дневни весници во Република Македонија и за тоа ја известува Агенцијата.

Член 13

(1) Агенцијата ќе го избрише од Регистарот на агенти секое лице кое не ги почитува одредбите од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување и/или Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиски осигурување за што веднаш го известува пензиското друштво.

(2) На лицето од став (1) од овој член Агенцијата нема да му дозволи повторно запишување во Регистарот на агенти во рок од три години од датумот на негово бришење од Регистарот.

Член 14

(1) Пензиското друштво писмено ја известува Агенцијата доколку неговите агенти постапуваат спротивно на закон.

(2) Известувањето од став (1) на овој член треба да се заснова на објективни и неспорни факти.

Член 15

(1) Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува во рок од три месеци од денот на влегување во сила.

(2) Со започнување на примената на овој правилник престанува да важи Правилникот за агенти на пензиски друштва („Службен весник на Република Македонија" бр. 110/2014).

Бр. 01 -726/7
7 јуни 2016 година
Скопје

Претседател
на Советот на експерти,
д-р **Булент Дервиши,** с.р.

Образец бр.1

Република Македонија

Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување

УВЕРЕНИЕ
за положен испит за агент

Лицето_____,
(име, презиме и вид и степен на образование)

_____
(живеалиште и адреса)

пријавено од _____
(целосен назив на пензиското друштво)

_____
(адреса)

на _____го положи испитот за агент
(дата)

за рекламирање и информирање за пензиските друштва и за пензиските фондови, склучување договори за членство во пензиски фонд и за исплата на средства од пензиски фонд.

Во _____, на _____._____._____ г. Претседател на Советот на експерти,

Дел.бр_____ _____

М.П.

МАПАС Стив Наумов бр.100, 1000 Скопје, тел/факс (+389-2) 3224-229/ 3166-452 www.mapas.mk

Образец бр.2

Република Македонија

Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување

УВЕРЕНИЕ
за стекнување својство агент

Лицето _____
(име и презиме)

_____
(адреса)

пријавено од _____
(целосен назив на пензиското друштво)

_____
(адреса)

на _____ година е запишано во Регистарот на агенти со код_бр._____.
(дата)

Во Скопје, на _____ г. Претседател на Советот на експерти,

Дел.бр_____ _____

М.П.

МАПАС Стив Наумов бр.100, 1000 Скопје, тел/факс (+389-2) 3224-229/ 3166-452 www.mapas.mk

Службен весник
на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. - Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
в. д. директор и одговорен уредник – Ангела Атанасова
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2016 година изнесува 10.100 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2016110